# Вести од светот
## за млади и возрасни

2019 • **ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА





www.AdventistMission.org

2019 AY.indd 1 8/29/18

# Нашите дарови на дело



Дел од даровите на 13-та сабота беше употребен за изградба и опремување на просториите за детската саботна школа во двете цркви на островот Маре во Нова Каледонија. На сликата може да се види една училница на саботната школа во адвентистичката црква Тедин. Искуството од островот Маре можете да го пронајдете на 23 страница од нашето списание.

## СОДРЖИНА


**ПАПУА НОВА ГВИНЕЈА**

5 Обратување на пијаните родители / 6 јули T

8 Две модри очи /13 јули T

11 Без план за одење во пензија / 20 јули T

**СОЛОМОНСКИ ОСТРВИ**

14 Слабеење за 40 кг / 27 јули

17 Инспириран од еден службеник / 3 август

20 Да се намести креветот / 10 август T

**НОВА КАЛЕДОНИЈА**

23 Работа во сабота / 17 август

26 Ангели во бура / 24 август T

**НОВ ЗЕЛАНД**

29 „Здраво, овде каналот нанадежта“ /31 август

32 Од гангстер до Христов ученик / 7 септември T

**ФИЦИ**

35 Секогаш оди напред / 14 септември

38 Обратување при еден погреб / 21 септември

41 Програма на 13-тата сабота: Без нозе, но со нов живот / 28 септември

45 Идни проекти на 13-тата сабота

47 Извори на иформации


T = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

*На насловната страница:* Пензионираниот агент за осигурување Џоели Рабо, 67, основал три цркви на Фиџи. Прочитајте го неговото искуство на стр. 32.

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе ви ја претставиме Јужнопацифичката дивизија (ЈПД), која го опфаќа дејствувањето на Христијанската адвентистичка црква во Американска Самоа, Австралија, Куковите острови, Фиџи, Француска Полинезија, Карибите, Науру, Нова Каледонија, Нов Зеланд, Ниуе, Папуа Нова Гвинеја, Питкерн, Самоа, Соломонските острови, Токелау, Тонга, Тувалу, Вануату, Валис и острвите Футуна.

Во оваа област во светот има 40,5 милиони луѓе, од кои 518,016 се христијани адвентисти, што претставува однос од еден адвентист на секои 78 луѓе.Секогаш се молам да ме следат Божјите благослови за време на патувањето додека одам да ги собирам мисионскитеискуства, но овојпат почнав да се молам многу порано – четири месеци пред да тргнам на пат. Го молев Бога секое утро да ми дозволи да ги добијам најдобрите приказни.

Бог одговори на силен начин. Додека во период од три седмици обиколував шест држави, забележав неверојатен пораст на бројот на моќни мисионски искуства. Убеден сум, како никогаш до сега, дека Исус скоро ќе дојде.

Во ова трето тримесечје, проектите на 13-та сабота се разновидни. „Да спасиме 10.000 палци” има за цел да обезбеди здравствени предавања за спречување на ампутација на палците на луѓето со дијабетес. Насекаде во областите на оваа дивизија, лекарите ампутираат 80 палци секој ден, кажува Пол Ранкин, директор на Одделението за здравство во оваа дивизија. Тој вели дека 19% од луѓето во оваа област страдаат од тип 2 дијабетес, болест предизвикана од скромни животни избори. Овие бројки се дури и повисоки во Американска Самоа, во која боледуваат 47% од

## МОЖНОСТИ

***Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за:***

1. Кампањата „Да спасиме 10,000 палци“, која работи на превенција од ампутација на палците преку здравствени предавања на островите: Американска Самоа, Фиџи, Карибати, Самоа, Соломонски острови, Тонга, Вануату.
2. Изградба и опремување на ТВ и радиостудио на *Каналот на надежта* во Тонгатапу на островот Тонга.
3. Продукција на „Детска серија за Даниел,“ составена од 13 дела анимирана серија наменета за деца од 8-12 години, која ги следи авантурите на Даниел и неговите тројца другари во Австралија.

жителите. Оваа држава е една од седумте кои ќе добијат дел од средствата на 13-та сабота.

Еден проект се фокусира на отворањето на каналот Надеж (HOPE) во Тонга. Во текот на 2016 година, даровите на 13-тата сабота овозможија каналот на надежта да биде достапен за секој дом во Нов Зеланд. Како резултат на тоа, многу луѓе доаѓаат во адвентистичката црква. Се молиме за слични благослови на Тонга.

Дополнителни информации за проектите на 13-та сабота можат да се најдат во делот „Можности“.

## СПЕЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Ако сакате да ја направите својата саботна школа поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission и да ја читате на фејсбук. Посетете ја и лајкувајте ја нашата фејсбук страница (Facebook.com/missionquarterlies).

Искористете ја предноста на мисионските приказни во видеозаписот, во кој се изнесени искуства на луѓето ширум светот, со посебен фокус на оние што ќе ги примат мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да ги гледате видеоклиповите онлајн.

Ние секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземете и да ги прикажувате во својата класа на компјутер или на мобилен телефон додека ги читате мисионските приказни, или можете да ги испечатите и со сликите да ја декорирате просторијата на саботната школа или вашата саботношколска табла.

Дополнителни информации и активности: Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-страници кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете и директно да ме контактирате: mcchesneya@gc.adventist.org



Ви благодариме што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите доброволни дарувања.

*Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!*

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*



# Обратување на пијаните родители

Папуа Нова Гвинеја / 6 јули 2019

Талита Хојато, 19

Родителите на Талита биле познати како пијаници и коцкари во Горока, планински град во Папуа Нова Гвинеја. Тие често биле толку пијани или преокупирани со коцкање што ја заборавале својата осумгодишна ќерка дома. Воопшто не се спротивставиле кога една добра сосетка предложила да го усвои нивното девојче.

Сосетката ја зела малата Талита во својот дом, велејќи ѝ дека слободно може да ја нарекува мајка. Рано наутро, кога се разбудила на звукот на будилникот на својата нова мајка, Талита забележала дека жената станала од креветот и клекнала покрај него, разговарајќи гласно со Бога. Жената дури го спомнала и името на Талита, а потоа зела една црна книга и почнала да чита од неа. Следното утро, алармот повторно ја разбудил Талита во 5 часот. Таа повторно присуствувала на молитвата и утринското читање. Во текот на тој ден, неколку гости го посетиле нивниот дом и ја барале од мајка ѝ совети за лични проблеми. Мајката се молела со жените, нудејќи им совети од црната книга, за која Талита дознала дека ја нарекува Библија.

Талита почнала да ја имитира својата мајка. Кога алармот ќе се вклучел во утринските часови, таа клекнувала на своите колена да се моли. Почнала да ја чита Библијата. Нејзината мајка ја научила да им кажува на другите за она што го читала во Библијата. Како што Талита се молела, читала и на другите им зборувала за својата вера, сфатила дека Бог одговара на молитвите. Почнала да се потпира на Него.

Годините минувале, а Талита полека растела. Кога имала 17 години се крстила. Набргу по нејзиното крштавање, мајка и ѝ рекла дека треба да се врати во нејзиниот родителски дом кај своите биолошки родители.

„Дали навистина мислиш така? Дали навистина сакаш да се вратам?“ прашала Талита.

Со солзи во очите, мајката одговорила: „Сега, кога го прифати Исуса Христа како свој личен Спасител, и твоите биолошки родители треба да Го запознаат.“

Во книгата „Христовите параболи“ Елена Вајт кажува: „Ако сте гоприфатиле Христа како свој Спасител, треба да заборавите на себе и да се трудите да им помагате на другите. Зборувајте за Христовата љубов, говорете за неговата добрина. Извршувајте секоја должност што ќе ви се даде. Носете одговорност за душите во своето срце и со сите средства што ви стојат на располагање трудете се да ги спасите загубените“ (стр. 67).

Родителите на Талита ја прифатиле со добредојде. Се запознала со своите помлади браќа и со својата сестричка кои не ги познавала.

Го навила алармот во 5 часот наутро со цел да се моли и да ја чита

Библијата. Се обидела да им каже на своите родители за она што го читала, но тие одбивале да ја слушаат. Додека спиеле, одела до нивниот кревет и им раскажувала за библиските приказни. Се сетила дека нејзината усвоена мајка секогаш велелела: „Обратувањето на некоја душа не е наша работа, туку Божја“.

По една година нејзината мајка прифатила да оди во црква, но се

плашела дека верниците во црквата ќе ѝ се потсмеваат, бидејќи таа пиела и се коцкала. Талита ѝ рекла дека воопшто не треба да се грижи.

„Бог гледа на срцето. Кога Исус бил на Земјата, тој се движел меѓу луѓето токму како што си ти. Затоа, не грижете се што ќе кажат другите. Голема е радоста на небото кога еден грешник се кае“ ѝ рекла на мајка си.

Таткото ништо не рекол кога се вратиле од црква. Талита го повикала и него да им се придружи, но тој одбил и рекол, „Ти си уште дете, немој да ми кажуваш шта треба да правам.“

Талита продолжила да се моли за татка си, меѓутоа, кога прочитала Даниел 4,28-37 ја променила својата молитва. Прочитала дека Бог направил Навуходоносор да стане како животно за да го признае Бога.

Таа молела: „Најмил Господе, ако можеш да сториш еден цар да стане како животно за да сфати дека Ти си Бог, тогаш погледни на мојот татко, кој е само еден обичен човек. Те молам, направи нешто што ќе му донесе болка, за да може да те признае.“

Кратко време откако Талита почнала да се моли на овој начин, таткото бил уапсен. Инаку, тој, кој работел како електроинжењер, го исполнил склучениот договор, и неговиот работодавец го пратил во затвор. Кога излегол по три месеци од затворот, почнал да ја чита Библијата и да доаѓа во црква, придружувајќи се на саботношколската класа за крштавање.

Талита била пресреќна.

Меѓутоа, еден месец подоцна, татко ѝ умрел од тифусна треска.

Имал 45 години.

Талита не можела да сфати што се случило, но смета дека Бог одговорил на нејзината молитва. „Очекував татко ми да стане адвентист и заедно како семејство да одиме во црква, но тоа не се случи. Сепак, драго ми е што татко ми умре со вера во Исуса Христа. Кога Исус ќе дојде пак, верувам дека на Небото ќе бидеме сите заедно како семејство.“

Талита, која денес има 19 години, студира педагошка академија, и вели дека ѝ е мило што има две мајки.

„Му благодарам на Бога постојано за мајка ми што ме усвои. Таа ме научи да бидам Христов ученик уште во раното детско доба. Сега тоа стана дел од мојот живот, да им сведочам на другите каде и да одам“ изјавува Талита.

Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота помогна да се изградат училници за детската саботна школа во родниот град на Талита, Горока, во Папуа Нова Гвинеја. Ви благодарам што ги прилоЖувате саботношколските мисионски дарови.

Следната седмица прочитајте уште едно искуство на Талита.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

- **Прашајте ги присутните на кој начин можат да „сведочат каде и да одат“. Еден од начините е, како што правела Талита, да ја читаат Библијата секое утро во 5 часот, а потоа, за она што го читале, да им сведочат на своите пријатели, во семејството и на ближните.**
- **Погледнете го видеоприлогот за Талита на линкот: bit.ly/Talitha-Hoyato.**
- **Следната седмица прочитајте уште едно искуство на Талита.**



# Две модри очи

Папуа Нова Гвинеја / 13 јули 2019

Талита Хојато, 19

Деветнаесетгодишната Талита Хојато била шокирана кога ја видела својата цимерка со црни модринки под очите.

„Што се случило?“ ја прашала загрижено.

Цимерката, дваесетгодишната Дорин, ја подигнала својата блуза и ѝ покажала дека и назад, на грбот, сета била со модринки.

„Мојот сопруг е алкохоличар, и тој ми го стори ова“, кажала Дорин плачејќи.

„Тогаш повеќе не треба да се враќаш дома“, изјавила Талита.

Меѓутоа, Дорин одела дома, секогаш кога ќе најдела можност за тоа. Таа имала едногодишно бебе околу кое нејзината свекрва се грижела во местото Маунт Хаген во Папуа Нова Гвинеја. Многу ѝ недостасувало нејзиното малечко детенце.

Дорин имала сочувствителна пријателка која знаела да ја сослуша. И двете студирале на педагошкиот колеџ Симбу, кој се наоѓал три часа возење од домот на Дорин.

„Мојот живот е мизерен, не знам како да го променам, како да бидам добра мајка и сопруга“, се пожалила Дорин.

Талита тогаш се сетила дека се сретнала со жени кои имале брачни проблеми, а доаѓале кај нејзината мајка да ја прашуваат за совет. Мајката на Талита ги упатувала на мудрите совети од Библијата.

„Мајка ми ми велеше дека никој освен Бог не може да го промени човекот. Бог нè создал и знае што може да ни помогне.“ На својата пријателка ѝ предложила да се моли и да ја чита Библијата секое утро.

Една од првите работи што Дорин ги забележала кај своите цимери, било тоа дека Талита го прославувала Бога секое утро. Талита станувала во 5 часот наутро, се молела и ја читала Библијата. Дорин дознала дека биолошките родители на Талита се алкохоличари, па затоа таа живеела кај една жена која одела во адвентистичката црква.

Од оваа добра жена таа дознала дека треба секојдневно да му се посветува на Бога.

Кога Дорин следниот пат се вратила повторно дома, Талита имала изненадување за неа. Ѝ подала неколку листови хартија на кои фотокопирала три библиски приказни, вклучувајќи го и животното искуство на обратување на Самарјанката кај изворот, запишана во Јован 4,1-42. Фотокопирала и искуство од првото тримесечје од 2017 години од мисионерското списание, односно од вестите од светот, како и искуство од мисионското списание за деца.

„Ова можеш да го читаш кога ќе имаш време“, ѝ рекла Талита.

На Дорин ѝ се допаднале искуствата и побарала да ѝ фотокопира повеќе такви искуства. Талита и раскажала како таа пред една година почнала да се моли за својот татко, но тој го отфрлал сето она што било поврзано со Бога. Но, тогаш, како што продолжила да се моли, тој бил уапсен за неисполнување на деловен договор, а во затворот се обратил кон Бога.

Чекала да биде ослободен од затворот, за да можат заедно да одат во црква. „Ако Бог може да го промени животот на татко ми, може да го промени и животот на твојот сопруг.“

Дорин била трогната од ова искуство и почнала да се моли за нејзиниот сопруг секој ден.

Едно утро, Талита се разбудила во 5 часот и видела како нејзината цимерка веќе била будна и ја читала Библијата. Била одушевена и пресреќна.

Поминале два месеца и свекрвата на Дорина се јавила на телефон со вест која сите ги изненадила. Таа ѝ кажала дека сопругот на Дорин, кој никогаш не работел во градината, сам почнал да копа и да сади цвеќиња.

„Дали се шегуваш?“ ја запрашала Дорин свекрва си.

„Дојди и увери се самата“, одговорила свекрвата.

Следниот пат, Дорин отишла во својата куќа за да ја види градината. Нејзиниот сопруг на сите начини се обидувал да се грижи за неа и за другите членови на семејството – за прв пат во нивниот живот. Исто така, престанал да пие алкохол.

Во селото, никој не можел да поверува додека ги гледале промените што се случиле.

Кога се вратила на колеџот, Дорин и ја гушкала Талита и од срце ѝ се заблагодарувала.

„Нека е слава на Господа! Бог дејствува.“

Денес, Дорин се радува на утринските и вечерните богослуженија, а таа и нејзиниот сопруг редовно одат в црква заедно. Повеќе никогаш немала црни модринки под очите.

„Сега сум среќна мајка со среќен сопруг“, кажува таа.

Дорин е една од многуте кои го запознале Бога преку Талита. Иако Талита има само 19 години, таа сака да им зборува на другите за Исуса и за Неговата праведност.

„Мајка ми, она што ме посвои, ме научи како да бидам вистински Божји следбеник, уште кога бев дете. Му благодарам на Бога што ми даде таква мајка. Каде и да одам, секогаш сакам да сведочам за Исуса. Кога разговараме за некои вести, јас велам, дека тие вести ни кажуваат оти Исус скоро ќе дојде. Треба само да му бидеме верни секој ден, секој миг и никогаш да не губиме надеж во Него.“

Пред три години, дел од даровите на 13-та сабота помогнаа да се изградат училници за детската саботна школа во родниот град на Талита, Горока, Папуа Нова Гвинеја.

Ви благодариме што ги приложувате саботношколските мисионски дарови.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

- **Видете го видеоклипот за Талита на линкот: bit.ly/Talitha-Hoyato2.**
- **Слики во врска со ова искуство може да најдете на следниот линк: bit.ly/fb-mq**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

- **Папуа Нова Гвинеја има 1045 цркви, 3182 групи на верници, а вкупниот број на верници изнесува 315,759, што на популација од 8.317.000 жители, секој 26-ти жител е адвентист.**
- **Почетоците на адвентистичкото дело во Папуа Нова Гвинеја биле мошне тешки, бидејќи власта во државата ја поделила државната територија на три црковни мисионски тела - на методисти, англиканци и Лондонско мисионерско друштво. Било навистина тешко за мисионерите од која било друга црква да дејствуваат, а особено да купат земјиште и да работат на тие територии.**
- **Папуа Нова Гвинеја има 29 адвентистички клиники и здравствени центри.**



# Без план за пензионирање

**Папуа Нова Гвинеја / 20 јули 2019**

**Оканама Кеви, 66**

Многу постари адвентистички пастори од Папуа Нова Гвинеја се враќаат во родните села, кога заминуваат во пензија, поминувајќи ги годините од нивното  пензионирање во своите домови со своите семејства.

Меѓутоа, не и Оканама Кеви, пастор ветеран од селото Ура во ридовите на оваа Јужнопацифичка држава.

Неговиот живот станал уште поисполнет со работа откако заминал во пензија. Тогаш тој го почувствувал Божјиот повик да започне молитвена служба со полно работно време.

Името на пасторот Оканама станало познато во цела Папуа Нова Гвинеја, откако Бог одговорил на неговите молитви на посебен начин.

Адвентистите и други луѓе го повикуваат неговиот мобилен телефонски број и тропаат на вратата од неговиот семеен дом во шумата на планината.

Тој составил долга молитвена листа која секое утро и секоја вечер се издигнува кон Бога.

Еден ден, пасторот од една друга христијанска деноминација се појавил на вратата од неговата куќа.

Посетителот Рики, живеел во друга област на државата. Кога слушнал за молитвената служба на пасторот Оканама за време на посетата на неговата црква во градот Ура, тој дошол до вратата на неговиот дом со неговата сопруга во поодминатата бременост.

„Ве молам, може ли да се помолите за мојата сопруга? Таа го надмина денот за породување и ние сме многу загрижени“, го замолил пасторот Оканама.

Пастор Оканама ја помазал жената со маслиново масло и се молел за неа. Два дена подоцна, жената се породила и на свет донела здраво девојче.

# ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

• Погледнете видеото за пасторот Оканама на следниот линк: bit.ly/Okanama-Kevi-2.

• Најдете ги и сликите поврзани со оваа приказна на следниот линк: bit.ly/fb-mq.

# БРЗИ ФАКТИ

• Папуа Нова Гвинеја го зафаќа источниот дел на вториот по големина остров на светот, кој е подложен на вулканска активност, земјотреси и огромни бранови.

• На островот има само неколку патишта, така што воздушниот сообраќај е доста зачестен.

• Со повеќе од 600 острови и 800 домородечки јазици, Папуа Нова Гвинеја се состои од четири области со 20 провинции.

• Околу 80% од населението во Папуа Нова Гвинеја живее во рурални области со малку или без модерени удобства.

• Единствената отровна птица во светот Pitohui dichorus живее на Папуа Нова Гвинеја.

• Вообичаена исхрана на населението се базира на скробен зеленчук (диво саго, лебно дрво, јам, компир, таро, сладок компир и ориз) со додавање на диво зеље???, неколку видови банани, кокос, манго и други плодови.

• На Папуа Нова Гвинеја, постојат три официјални јазици: англискиот, хири моту и ток писин.

• Висорамнини се простираат долж Нова Гвинеја, а областите на повисоки надморски височини се често под снег – што е невообчаено за една тропска област.

• Домородците во Папуа Нова Гвинеја практикувале канибализам. Би им ги отсекле главите на своите непријатели, како некој вид декорација.

Следната сабота, Рики отишол во Адвентистичката црква со неговата сопруга и со своите шест деца, вклучувајќи го и малото новороденче.

Пасторот Оканама веднаш го повикал Рики и неговата сопруга да им се приклучат на класата за крштавање, што тој ја водел како учител во саботната школа. Другите пет деца, на возраст од 8-12 години, исто така, почнале да ја проучуваат Библијата. По неколку месеци студиозно проучување, оваа брачна двојка и нивните пет деца, биле крстени во август 2017 година.

„Рики ја напушти својата црква и неговата работа како пастор“, кажа проповедникот Оканама за време на интервјуто во неговиот дом. „Сега тој е верен член на нашата црква.“

По крштавањето на Рики, еден постар пастор од неговата поранешна црква дошол во посета на Адвентистичката црква во селото. Му било дадено, по саботното богослужение, да ги изнесе своите размислувања. Стоејќи, со солзи во очите, одржал мошне емотивен говор:

„Јас вложував во Рики. Сега тој ме напушти и отиде во Адвентистичката црква. Грижете се за него и помагајте му како што јас се грижев за него и му помагав.“

Со овие зборови, тој со благослов го поддржал Рики во неговата одлука да се придружи на Адентистичката црква.

Покрај тоа што бил пастор, Рики имал и други две работни места: се занимавал со продажба на канцелариски материјали и рента-кар. По крштавањето, тој го повикал пасторот Оканама да ги посвети неговите деловни работи на Господа.

Пасторот го сторил тоа со радост.

„Тој е плод на мојата молитвена служба“, вели пасторот Оканама. „Преку оваа служба, јас се молев за многу пастори“.

Тој не планира да се повлече! А вие?

Дел од даровите на 13-тата сабота во текот на 2016 година помогнаа да се изградат училници за детската саботна школа во Папуа Нова Гвинеја, вклучувајќи го и подрачјето во близина на домот на пасторот Оканама.

Ви благодариме што ги приложувате своите саботношколски мисионски дарувања.



# Ослабен за 40 кг

**Соломонски острови / 27 јули 2019**

**Херик Дун Сиопе, 46**

Херик Дун Сиопе пораснал во адвентистичко семејство. Успешно се занимавал со боречки вештини на Соломонските острови.

Тој ги претставувал Соломонските острови на јужнопацифичките игри во Тахити, потоа во Јужна Пацифик игри во Фиџи. Тој бил освојувач на медали.

Но, тогаш тој решил да се посвети на архитектурата. Се оженил и имал четири деца. Ретко ја читал Библијата и слабо одел в црква. Престанал да тренира и почнал да се храни со брза храна, како што се риба и помфрит или пилешко и Кока Кола. Поминале единаесет години и Херик добил на тежина 105 килограми, 40 кг повеќе од неговата идеална спортска тежина.

Еден ден, левата нога почнала ужасно да го боли. Во текот на следните неколку недели, болката во ногата постојано се јавувала. Побарал медицинска помош, но ништо не можело да помогне. На крајот, тој не можел повеќе да оди.

Херик станувал сè понервозен. Знаел дека ногата нема добар проток на крвта и се плашел дека ќе остане без нозе.

Тогаш се сетил дека може да му се обрати на Бога. „Помогни ми да најдам лек“, се молел тој.

За кратко време по молитвата, еден постар роднина тропнал на вратата од неговиот дом во Хонијара, главниот град на Соломонските острови.

Роднината му рекол дека има силно чувство оти треба да дојде во посета Херик и да го праша зошто не може да оди. Херик му кажал за болката и за недостатокот од лекови.

„Добро, јас ќе ти помогнам“, му рекол постариот човек.

Подготвил домашен лек и со тоа го лекувал Херика секој ден. По три недели, Херик бил во можност да застане на нозе, но не можел да оди.

„Си ја изгубил мускулната маса во ногата. Неопходно е да ги вежбаш нозете“, му рекол постариот човек.

Херик се заблагодарил за лекувањето и се молел: „Боже, сакам да ме употребиш. Сакам да служам на благослов на другите. Покажи ми го планот што го имаш за мене.“

По молитвата, Херик верувал дека треба да ослабне. Во текот на ноќта спиел лошо а го болел и грбот. Кога пешачел, тешко доаѓал до здив.

Тој знаеше дека болките во ногата биле поврзани со прекумерната тежина.

Но, како да ја намали телесната тежина?

Херик се сетил на книгата на Елена Вајт *Совети за здравјето и исхраната* и почнал да ја чита.

Тој бил восхитен кога дознал како апетитот го внел гревот во светот. Тој читал: „Кога нашите прародители го загубиле Едем преку попуштање на апетитот, нашата единствена надеж за повторно придобивање на Едем е преку цврсто спротивставување на апетитот и страстите“ (*Совети за здравјето и исхрана*, стр. 59).

Херик спровел големи промени во својата исхрана. Престанал да јаде обработена храна и по големи битки, ги елиминирал пијалаците со кофеин. Исто така, престанал да користи шеќер и млечни производи. Наместо тоа, се вратил на Божјата првобитна билна исхрана, која се состои од овошје, зеленчук, житарки и јаткасти плодови. Се обидел да не јаде по 4 часот попладне, внимавајќи да не се прејадува.

Покрај тоа што се грижел правилно да се храни, почнал и да вежба, во почетокот да пешачи секој ден, а потоа да прави едноставни вежби, такви кои можел да ги извршува во домашни услови.

За 12 месеци тој изгубил 40 килограми, се вратил на неговата идеална тежина. Се чувствувал и поздраво и повитално и можел да прави склекови и други вежби кои претходно не можел да ги прави дури ни тогаш кога се занимавал со боречки вештини.

Денес, две години подоцна, Херик има 46 години и држе бесплатни часови по фитнес за островјаните со прекумерна тежина во една сала што ја држи адвентистичката црква.

Повеќе од 200 луѓе, со различна верска определба, доаѓаат да вежбаат четири дена во неделата. Тој, исто така, води здравствени семинари при Министерството за здравство и работи со многу приватни компании.

Неговите совети доаѓаат токму од Елена Вајт. Луѓето губат телесна тежина и се чувствуваат многу подобро.

„Сфатив дека ова е начинот на кој Бог сака да ме употреби. Бог најпрво го зајакна мојот духовен живот. Благодарен сум му на Бога за благословите што Тој ми ги даде, за да можам и јас да бидам благослов за другите во овој скромен начин.“

Дел од даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе се употребат за потребите на проектот „Да спасиме 10.000 палци“, проект за борба против дијабетесот во Соломонските острови. Проектот „Да спасиме 10.000 палци“ се однесува на ампутација на палците на луѓето кои страдаат од дијабетес, а започнал со работа во декември 2017 година, финансиран од Хенриковата програмата за физички вежби за луѓето од локалната заедница.

Ви благодариме што ќе ги приложите своите мисионски дарови за да помогнете да се оствари овој проект.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

- **Погледнете информации за Херик на линкот: bit.ly/Herik-Siope.**
- **Слики во врска со оваа приказна можат да се најдат на следниот линк: bit.ly/fb-mq**
- **Прочитајте повеќе за Херик следната седмица.**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

- **Првите мисионери, пионери адвентисти, на островите биле Г.Ф. Џонс и неговата сопруга, кои биле испратени во мисија од страна на мисионскиот одбор на Австралија на 29 мај 1914 година, кога дошле на островот Гизо. Џонс, со помош на локалните членови на екипажот на својот брод (The Advent Herald), тргнал кон островот Вир, кој се наоѓа на западниот брег на Нова Џорџија. Таму тој основал седиште за мисионска работа и отворил училиште.**
- **Главната организирана религија на Соломонските острови е христијанството, кое мисионерите го донеле во 19. и на почетокот на 20 век. Главни христијански деноминации се: англиканската, римокатоличката, методистичката и адвентистичката.**



# Инспириран од еден службеник

**Соломонските острови / 3 август 2019**

**Џофри Самуел, 51**

Џофри Самуел, извршниот директор на градежна компанија на Соломонските острови не можел да верува кога еден од неговите службеници изгубил на тежина 40 кг за една година.

Го гледал својот стомак и се прашувал: „Можам ли и јас да го остварам истото?"

Џоф бил тежок 130 кг. Веќе десет години имал проблем со високиот крвен притисок. Сфатил дека е на пат себеси да се упропасти.

Џоф бил целосно запознаен со здравствената порака на адвентистите, бидејќи и самиот израснал во адвентистичко семејство и одел во црква.

Неговото тело било во целосна спротивност со вистината што скоро сиот свој живот ја познавал. Вечерниот оброк му бил најголем во текот на денот, како и на многу жители на островот, вклучувајќи ги и адвентистите.

Пред оброкот се молел: „Боже, Ти благодарам, благослови ја оваа храна." Тој никогаш не помислувал да се моли на следниот начин: „Боже, дај ми сила да го контролирам мојот апетит."

Еден ден, на почетокот на 2017 година, Џоф му пристапил на Херик, кој работел за него како архитект-дизајнер и го прашал: „Како успеа да ги симнеш сите тие килограми?"

Херик му објаснил дека тој само ги следел упатствата за правилна исхрана и вежбање на програмата инспирирана од советите на книгата на Елена Вајт „Совети за здравјето и исхраната".

„Можам да ти го пренесам сето она што јас го правев", му рекол тој.

„Кога можеме да почнеме?"

„Ако сакаш, може да почнеме уште денес."

И двајцата излегле надвор од канцеларија Solomon Housing Limited

и започнале со 45-минутни секојдневни физички вежби на плажа, под дрвјата и на други места. За Џоф ова било напорна активност, додека се занимавал со различни физички вежби во серии од по дваесет секунди.

„Кога почнав да вежбам, не можев да издржам ни 20 секунди вежбање. Броев и бев среќен кога ќе издржев 5 секунди. Секој ден се обидував да бидам што подобар во тоа."

Додека така губел на тежина, им се придружиле и други луѓе. Херик продолжил да ја води групата. Џоф ја презел улогата на координатор. Денес, повеќе од 200 луѓе со различно верско убедување се собираат четири пати седмично за да вежбаат во една адвентистичка сала.

Секој тренинг започнува и завршува со молитва. Еднаш седмично, одвојуваат време за лични искуства и Херик и Џоф ја потенцираат важноста на исхраната. Нивниот совет доаѓа директно од Елена Вајт.

„Ако сега се чувствувате добро, зошто не ги примените тие промени на вашиот духовен живот", прашува Херик.

„Замислете како би се чувствувале кога би се молеле така секое утро", додава Џоф.

Увидувајќи дека нивните тела се вратиле во вистинската состојба, често пати воскликот „Hem vaka!" (Тоа дејствува!) може да се чуе низ целата сала.

Херик и Џоф не се медицински експерти, но забележале дека Бог му помага на телото да закрепне, кога луѓето ќе се однесуваат кон него онака како што Бог првично замислил.

Џоф продолжува да вежба за да ја достигне неговата идеална тежина. За 18 месеци вежбање, изгубил 35 килограми, и се чувствува подобро од кога било.

„Можам да трчам, да се искачувам, да скокам", изјавува тој со голема насмевка на лицето. „Ако можам тоа да го сторам јас, тогаш може и секој друг."

Дебелината е еден од најголемите проблеми на Соломонските острови и доведува до бројни здравствени проблеми, вклучувајќи го и дијабетесот.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде поддршка на проектот „Да спасиме 10.000 палци", програма за борба против дијабетесот на Соломонските острови. „Да спасиме 10.000 палци" е проект покренат кон крајот на 2017 година. Тој ги финансира тренин-

зите на Херик и Џоф наменети за луѓето од локалната заедница.

Ви благодариме што со своите дарови ќе го поддржите овој мисионски проект.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

**• Видете го видео-клипот со Џоф, на следниов линк: bit.ly/Geoffrey-Samuel.**

**• Слики поврзани со оваа приказна можат да се најдат на следниот линк: bit.ly/fb-mq**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

**• Шпанскиот истражувач Алваро де Мендања де Неира прв ги здогледал Соломонските острови во 1568 година. Пронаоѓајќи знаци на алувијално злато во Гвадалканал, Мендања мислел дека го пронашол богатството на царот Соломон, па според тоа, островите ги нарекол Соломонски острови.**

**• Се верува дека луѓето живееле на овие острови повеќе од 2.000 години пред Христа.**

**• Концептот со пари е од релативно поново време во културата на Соломонските острови. Размената на стоки и алтернативни форми на плаќање, како, на пример, школки, сё уште се практикува.**

## ПРОГРАМА ЗА ВЕЖБАЊЕ ОД 45 МИНУТИ

- Учесниците формираат круг за молитва.
- Тренерот ја објаснува целта на вежбите и нивното времетраење.
- 4 минути загревање (активирање на мускулите – скокање, клекнување и станување, склекови). Ова се вежби за целото тело.
- 6 минути длабоко дишење и истегнување од главата до нозете.
- 8 минути вежбање на горниот дел од телото, средниот и долниот дел. 20 секунди за секоја вежба.
- 10-20 минути длабоко дишење, истегнување на мускулите и релаксација.
- Учесниците формираат круг и повторно се собраат за да се помолат.



# ДА СЕ НАМЕСТИ КРЕВЕТОТ

**Соломонски острови / 10 август 2019**

**Кини Аиторea, 18**

Иако Кини Аиторea има само 18 години, била одредена да биде ѓакон во црквата во адвентистичкиот интернат на Соломонските острови.

Кини била одушевена! Нејзината мајка била ѓакон, а никогаш не помислувала дека и таа ќе стане ѓакон.

Проповедникот ги повикал сите осум ѓакони, четири студенти, меѓу кои и Кини и четири постари верници, на состанокот на кој разговарале за нивните одговорности во црквата во адвентистичкиот колеџ Бетика. Тој ѝ рекол на Кини и на нејзината пријателка Венди дека имаат посебна мисија: да дознаат дали девојките во спалните имаат некоја итна потреба.

Кини и Венди веднаш се дале на работа. Тие отишле во една од спалните соби, голема просторија со кревети за 40 девојки. Проверувале дали сите кревети имаат чаршафи, ќебиња, перници. Гледале дали девојките имаат облека, училиштен прибор, како што се моливи и хартија. Кога виделе дека на некоја девојка ѝ е потребна помош, тие застанувале за да зборуваат со неа.

„Како си?“ би ја запрашала Венди. „Како е на училиште? Дали ти е потребна помош?“ прашувала и Кини.

Некои од девојките кажувале дека им е потребна облека, други дека им требаат молив иили хартија.

Тогаш Кини и Венди го виделе креветот на Митлин Тодонга. Едно тенко ќебе било уредно здиплено и ставено на крајот од креветот. Немало душек на дрвениот кревет каде што Митлин спиела во текот на ноќта. Немало ни чаршав ни перница.

Кини и Венди виделе дека на Митлин нема ни соодветна бела блуза ниту долго црно здолниште какво што носеле студентите на училиште. Имало и други работи што ѝ недостасувале.

Кини и Венди сакале да разговараат со оваа девојка, но од другите дознале дека истиот тој ден таа заминала со училишниот хор на концерт во салата на Музејот во главниот град, Хониара.

Други девојки им кажале дека на Митлин ѝ е прва година во ова училиште и дека е ученичка во седмо одделение која неодамна пристигнала од друг остров.

Родителите на Митлин не биле адвентистите, но се труделе колку што можат да ѝ помогнат на својата ќерка да ја школуваат.

Мајката печела лепчиња полни со сладок крем и правела лимонада, а таткото ги продавал. Сепак, немале доволно пари.

Потоа девојката рекла нешто што Кини многу ја растажило. Ѝ кажале дека Митлин плаче во текот на ноќта, бидејќи некои девојки ја задеваат поради тоа што потекнува од сиромашно семејство, ја озборуваат и ѝ се потсмеваат.

„Нема дури ни соодветен кревет“, изјавила една. „Зошто воопшто дошла тука?“ велела друга. „Сите други девојки имаат убаво наместени кревети.“

Кини и Венди отишле кај пасторот, информирајќи го за Митлин. „Добро, ајде да ѝ набавиме душек и облека.“

Отишле сите тројца во градот, купиле душек со дебелина од 5 см, така што Митлин поудобно ќе може да спие. Тие ѝ купиле и постелнина и ќебе покриено со цвеќенца, перница и навлака за перница, бела блуза и црно здолниште, молив, хартија, сапун, и паста и четка за заби.

Кини и Венди отишле во спалната соба, убаво го наместиле душекот а потоа да го наместиле креветот, ја здиплиле облеката и ги наредиле другите работи на беспрекорно наместениот кревет.

Вечерта, кога Митлин се вратила од хорскиот настап, била крајно изненадена кога го здогледала својот кревет.

„Чиј е овој душек?“ побарала објаснување од другите девојки. „Тоа е твое“, одговорила една.

„Некој сето тоа го купи за тебе“, ѝ рекла друга.

„Кој го купи?“ прашала Митлин.

„Кини и Венди, тие ги купија овие работи“, ѝ одговорила таа.

Кога Кини влегла во спалната соба подоцна таа вечер, Митлин побрзала кон неа и плачејќи ја прегрнала.

„Никогаш не би помислила дека некој за мене ќе купи душек и облека", рекла таа.

„Навистина многу ми помогнавте, многу! Татко ми ќе биде пресреќен кога ќе дознае што направивте за мене."

Кини се чувствувала толку среќна што може да ја види Митлин толку радосна. Видела дека Бог има план за луѓето – да си помагаат едни на други!

„Во ред е", изјавила Кини, гушкајќи ја Митлин. „Божјето дело е да им помагаме на ближните."

Ви благодариме и вам што им помагате на други луѓе со приложување на своите саботношколки мисионски дарови.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

**• Интернатскот адвентистички колеџ Бетикама има 520 студенти, кои спијат во студентскиот дом во 5 женски и 6 машки спални соби.**

**• Прашајте ги присутните дали некогаш сте направиле некакво изненадување, подарок или сте примиле неочекуван дар. Како сте се чувствувале? Митлин кажува, „Навистина ми се допаѓа душекот, бидејќи татко ми и мајка ми немаа можности да ми купат. Кини и Венди го купија за мене, како и многу други работи што навистина сакам да ги чувам. А многу ми се допаѓаат и цвеќенцата на ќебето.**

**• Размислете за тоа колку вашата саботношколска класа може за некого да стори нешто или да приреди некое убаво изненадување.**

**• Види за Кини на линкот: bit.ly/Kinnie-Aitorea.**

**• Најдете слики за оваа приказна на следниот линк: bit.ly/fb-mq**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

**• Спиралната школка е инструмент кој се користи на целиот Пацифик, вклучувајќи ги и Соломонските острови. Се користи како традиционална форма на труба која служи за повикување на луѓето или како сигнализација за почеток на значаен настан. Отвор за дување се прави со отстранување на крајот на школката или со правење на дупка од едната страна.**



# Работа во сабота

**Нова Каледонија / 17 август 2019**

**Софи Буама, 44**

Софи Буама ја прифатила саботата како библиски ден за одмор кога проповедникот зборувал за четвртата Божја заповед за време на евангелските состаноци.

Сепак, не ја напуштила својата работа во Нова Каледонија, француска територија во Јужниот Пацифик.

Софи работела четири дена во седмицата, од вторник до петок, во еден супермаркет во селото Мебу, на еден мал остров наречен Маре. Нејзината колешка, Селина, работела во супермаркетот другите три дена.

Софи се чувствувала ужасно што морала да работи и во саботите. Во петок, сонцето заоѓало во интервал од 17,30-18,45 во зависност од добата во годината. Софи требала да ја затвори продавницата во 19:00 часот.

Таа не сакала да ја напушти оваа работа, бидејќи било мошне тешко да најде работа, а со нејзината плата го хранела целото семејство. Таа се молела Бог да го промени нејзинот редослед на работа.

Еден петок вечер, Софи била на работа, вознемирени што уште една сабота мора да работи, кога добила телефонски повик од Селина. Нејзината колешка ѝ рекла дека се наоѓа во главниот град на Нова Каледонија, Нумеа, кој се наоѓа на друг остров, и дека не може да резервира друга авионска карта за да се врати на островот Маре.

„Дали ќе може утре да ме замениш на работа?“ прашала таа.

„Не, утре ќе одам во црква. Знаеш дека утре е денот кога го славиме Бог“, одговорила Софи.

Кратко време потоа, Софи добила порака на мобилниот телефон од сопственичката на супермаркет, која исто така била во Нумеа.

„Мора да ја отвориш продавницата утре и да работиш во сабота“, пишувало во пораката. Софи одговорила и на оваа порака: „Не, утре е денот во кој го славиме Бога. Затоа, јас не ќе можам да ја отворам продавницата.“

По неколку минути сопственичката одговорила: „Нема проблем, затвори го супермаркетот."

Софи била загрижена, па разговарала со една од сестрите во црква.

„Не плаши се од луѓето, бој се од Бога." ја охрабрила оваа наша сестра.

Во недела, колешката сè уште била отсутна, па Софи го отворила супермаркетот. Сопственичката, која успеала да допатува на малиот остров, дошла во продавницата. Била мошне лута.

„Овој супермаркет никогаш не бил затворен во сабота. Не сакам повеќе некогаш да биде затворен во сабота", рекла таа.

Софи ја потсетила сопственичката за нејзините лични верски убедувања, додавајќи: „Ако сакате да ми дадете отказ, слободно можете тоа да го сторите."

Софи ја сочувала својата работа. Неколку седмици подоцна, сопственичката ѝ дозволила да земе четири дена слободно време, па така Софи, со својата ќерка-тинејџерка Катерина, отпатувала во главниот град.

Сепак, кога се вратила, сопственичката ѝ рекла дека треба да ги одработи тие четири дена поради отсуството. Третиот и четвртиот ден биле петок и сабота.

Софи се обидела да се замени со колешката, но сопственичката инсистирала таа да работи. Софи работела во сите денови и плачела додека продавала. Во текот на ноќта, се мачев да спијам.

Во својот очај, таа Му се молела на Господа: „Боже, помогни ми да имам слободна сабота." Тогаш побарал и од верниците на црквата да се молат за нејзиниот проблем.

Неколку дена подоцна, сопственичката го објавила новиот распоред за работно време. Софи требала да работи дополнителни часови секој ден, на барање на сопственичката, и тоа ја чинело многу пари, зашто морала да ѝ плаќа за прекувремена работа.

„Од сега па натаму, ти ќе работиш само од недела до среда", изјавила сопственичката.

Софи не можела да поверува! Голема насмевка го осветлувала нејзиното лице додека брзала да стигне во својот дом и да му ја пренесе оваа вест на својот сопруг.

Денес, Софи заработува помалку пари, но тоа не ја загрижува бидејќи сега може слободно да го слави Бога во сабота.

„Мојата плата не е важна, меѓутоа, моето време поминато со Бога и со моите браќа и сестри ми е многу важно. Се радувам што можам да бидам слободна во сабота“, кажува таа.

Дел од даровите на 13-тата сабота пред три години помогнаа да се изградат две училници за детската саботна школа, вклучувајќи ја црквата на Софија на островот Маре.

Ви благодариме што ги приложувате своите саботношколски дарови, кои им помагаат на децата и на возрасните да учат за Бога.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

- **Молете се за селото на Софија, Мебуе. Софи и нејзиниот сопруг се единствените адвентистите во селото, кое брои 1.500 луѓе.**
- **Размислете за ова што го кажува Софи во врска со тоа каков совет може да им се понуди на работниците кои се соочуваат со проблеми околу саботата. Софи вели: „Молете се на Бога и само Бог нека биде на прво место во вашиот живот. Тогаш ќе можете да видите какви чуда Бог може да направи за вас.“**
- **Прочитајте за тоа како сопругот на Софи, Џорџ десет години се молел за нејзиното обратување во детското мисионско списание или на линкот: bit.ly/saved-by-finger.**
- **Видете го и видеоклипот за Софи на линкот: bit.ly/Sophie-Buama.**
- **Најдете слики за оваа приказна на следниот линк: bit.ly/fb-mq**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

- **Првите мисионери адвентисти кои работеле на овие острови биле капетанот Г.Ф. Џонс и неговата сопруга, кои испловиле од Сиднеј до Нумеј на 23 октомври 1925 година. Овие острови биле меѓу најтешките области за ширење на Евангелието во Јужниот Пацифик.**
- **Мисијата на Христијанската адвентистичка црква во Нова Каледонија се состои од островите Пин, Лојалти Нова Каледонија, Валис и Футуна островите.**



# Ангели во невремето

**Нова Каледонија / 24 август 2019**

**Ани Пама, 48**

Ани Пама пораснала во адвентистичко семејство на Јужнопацифичкиот остров, Нова Каледонија. Меѓутоа, кога имала 16 години таа ја напуштила црквата и се преселила кај своето момче Леонсеа. Наскоро добиле две деца.

Леонсе пиел. Тој често се враќал дома пијан, и неизбежно доаѓало до големи кавги. Понекогаш тој ги тепал своите мали деца.

Една ноќ, Ана слушнала како Леонсе вика, тетеравајќи се по нагорнината до својата куќа, која се наоѓала надвор од главниот град на Нова Каледонија, Нума. Сфатила дека бил пијан.

Ситен дожд почнал полека да паѓа. Метеоролозите предвидувале дека циклонот „Ерика“ таа вечер ќе ја погоди Нова Каледонија и ги повикувала луѓето да останат дома.

Меѓутоа, Ана не сакала да остане заробена во куќа со пијан, насилен човек. Ги грабнала своите деца, тригодишната ќерка Морган и осуммесечниот син Леонс Помладиот, и ги ставила во автомобилот.

Тргнала со голема брзина. Возела додека мерачот за гориво не покажал резервоарот е празен. Таа го паркирала автомобил во близина на едно дрво. Не била сигурна каде се наоѓа, но била уверена дека тоа е најбезбедното место среде невремето.

Силниот ветер го тресел автомобилот, а студот полека се вовлекувал внатре. Ана сфатила дека не понела топли ќебиња.

Погледнала кон своите деца кои заспале за време на долгото возење. Се сетила на Бога за прв пат по многу години.

„Боже, ако постоиш, погледни на мене и на моите деца оваа вечер“, се молела таа. Почувствувала како длабока слабост го преплавува нејзиното тело. Се потпрела на седиштето и гледала низ прозорецот од својата страна. Потоа цврсто ги затворила за потоа повторно да погледне. На нејзино изненадување, облаците се повлекле назад и небото се отворило. Почнала да трепери од страв пред сцената што се

појавила пред неа. Илјадници ангели забрзано се движеле по небото. Се подигнала со надеж дека ќе го види Божјиот престол. Тогаш небото се затворило и видела скали кои се протегала од небото до автомобилот. Изгледале како огромни скали направени од испреплетени јажиња.

Тројца ангели се симнале од скалата. Биле блескаво бели, побели од сè друго што некогаш видела. Не можела јасно да ги види нивните лица, но тие биле високи, имале крилја и сјаеле со болскотно бела светлина. Еден ангел застанал кај предниот дел од автомобилот, ги раширил своите крилја за да го заштити автомобилот. Другите двајца ангели, исто така стоеле и со своите крилја ги штителе.

Ани првично била преплашена и шокирана од страв. Но, потоа почувствувала благо лулање на автомобилот, како мајката што го лула во количка лулка своето мало бебе.

Пријатна топлина ја исполнила внатрешноста на автомобилот.

Одеднаш, стравот на Ана исчезнал. Таа се чувствувала сигурно и смирено. Нејзините очи натежнале, и таа заспала со длабок сон.

Ја разбудил црцорот на птиците. Погледнала низ прозорецот и ги видела скалите што се протегале до небото. Ангелите ги склопиле крилјата и се качиле по скалите.

Додека ангелите си заминувале, таа почнала да трепери, но не од страв туку од студот што повторно го почувствувала. Пријатната топлина го напуштила автомобилот.

Од чудото што се случило, Ана сфатила дека нејзината молитва добила одговор на еден извонреден начин.

Таа веднаш му го предала своето срце нèа Христа.

„Никогаш нема да се вратам на световниот начин на живот. Ветувам дека ќе живеам за тебе“, рекла таа во молитва.

Некако, во резервоарот имало доволно гориво за да вози до куќата на нејзината мајка.

Мајка ѝ се противела што таа заминала со тоа световно момче, и затоа со години одбивала да ѝ помогне. Но, сега за прв пат ја дочекала со раширени раце. Им дала пари за гориво, за да се вратат назад во нивниот дом.

Враќајќи се дома, видела дека куќата по циклонот останаа недопрена. Ги искинала сите постери од Боб Марли и канабиси од ѕидовите, го собрала сиот нејзин накит и го фрлила во огнот. Огнот сè уште го-

рел кога Леонсе се вратил од работа. Кога видела колку тој се изненадил што ја гледа, Ана му објаснила дека таа решила своето срце да му го предаде на Христа. Тогаш Леонсе ја прашал за претходната вечер.

„Каде беше заедно со децата? Дојдов дома и куќата ја најдов празна", ја прашал тој.

Ана му раскажала дека слушнала како тој се приближува кон куќата, како пијан вика и дека побегнала за да ја избегне караницата со него. Леонсе полека кимал со главата и најпосле рекол: „Но, тоа не бев јас. Јас вчера не пиев."

Ани го одржала своето ветување дека ќе му служи на Бога. Се омажила за Леонсе и повторно се крстила.

Станала ѓакон во Адвентистичката црква Бетани, и во следните десет години таа верно ја извршувала оваа служба.

Откако го слушнал искуството на Ана со отвореното небо, небесните скали и ангелите, Леонсе престанал да биде насилен, и Ана се моли и тој да се крсти.

Нивните деца сега се тинејџери и се радуваат што тие биле дел од една таква незаборавна ноќ. Би сакале и тие да можат да искусат такво нешто во животот.

Ана им кажува дека, ако е потребно, тоа може да случи и во нивниот живот.

„Треба само да одржувате тесна заедница со Бога и секојдневно да разговарате со Него, и тогаш Тој ќе ви се открие и вам."

Ви благодариме што ги приложивте своите дарови на 13-тата сабота пред три години, кои помогнаа да се изградат две саботношколски училници на островот Маре во Нова Каледонија.

## Мисионски информации

- **Прашајте ги вашите слушатели како Бог ги донел кај Себе. Ана кажува дека таа ноќ била пресвртница во нејзиниот живот. „Јас не би била денеска во црквата ако Бог не ми го дадеше ова искуство."**
- **Пронајдете го видео-клипот со Ани на линкот: bit.ly/Annie-Paama.**
- **Видете слики за ова искуство на следниов линк: bit.ly/fb-mq.**



# „Здраво, ова е Каналот на надежта“

**Нов Зеланд / 31 август**

**Вилијам Арам, 49**

Вилијам Арам, проповедник во градот Керикери во северниот дел на Нов Зеланд, ја чита електронската пошта со длабоко интересирање.

„Здраво. Мојата сопруга и јас наскоро ќе се населиме во Керикери. Ние би сакале да доаѓаме во црква. Пред извесно време, видовме една програма што ја предводеше некој човек во една сала за вежбање во Керикери. Би сакале да се поврземе со него кога ќе дојдеме таму. Исто така, сакаме да ги следиме вашите програми. Ваши, во името на Исус, Холин Хорсфол.“

Радост го исполнило срцето на Вилијам додека го читал писмото. Добро е чувството кога знаете дека некој ја гледа вашата програма и дека таа ги допира срцата на луѓето. Овие луѓе сакаат да дојдат во неговата црква. Бил восхитен.

Вилијам одговорил со писмо во кое вели дека е одушевен што Колин и неговата сопруга уживаат во програмите на Каналот на надежта. Тогаш тој им објаснил дека Керикери се наоѓа на 250 километри од најголемиот град во Нов Зеланд, Окленд. Керикери е мал град со 7.000 жители. Напишал дека богослужението во адвентистичката црква започнува во сабота во 10.00, и се одржува во капелата на домот за стари лица.

„Ќе бидеме среќни ако вие и вашата сопруга ни се придружите. Јавете ми се ако ви треба каква било помош.“

„Ви благодариме, ќе бидеме во контакт“, одговорил Колин.

Вилијам дошол во Керикери пред неколку години со цел да ја основа првата адвентистичка црква во овој град. Во тоа време, во градот живеело само едно семејство адвентисти, а Вилијам не познавал никого.

По молитвите за тоа како и што да се прави, тој одлучил да отвори сала за вежбање.

„Бог ми ја даде оваа брилијантна идеја да ја отворам салата и да започнам со програма за вежбање. Ја отворив салата, бидејќи знаев дека на тој начин ќе сретнам многу луѓе“ се потсетува Вилијам.

И навистина, тој запознал многу луѓе преку оваа вежбална, и почна да учествува во програмите на каналот на надежта во Нов Зеланд, кој преставува локален огранок на адвентистичкиот меѓународен канал. Каналот на надежта почнал бесплатно да се емитува во Нов Зеланд со помош на даровите на 13-тата сабота во 2016 година.

Една од програмите што ја осмислил Вилијам е збир на вежби во салата за вежбање. Во оваа програма, тој опишува како луѓето се загрижени за нивното физичко здравје, и го занемаруваат своето духовно здравје.

Оваа посебна програма оставила голем впечаток кај Колин и неговата сопруга Робин, кои се подготвувале да се преселат од градот Каитаи, кој се наоѓа 100 километри северозападно од Керикери.

Двојката одела во црква што ѝ припаѓа на друга христијанска деноминација во нивниот град.

Било сабота кога Колин и Робин за прв пат дошле во црквата на Вилијам. Адвентистичката црква, во која имало дванаесет верници, срдечно ги дочекла. Оваа брачна двојка уживала во богослужението и на заедничкиот ручек.

„Сите беа пријатни и правеа да се чувствуваме добредојдени“, вели Вилијам. Тие продолжија редовно да доаѓаат во адвентистичката црква.

Вилијам дознал дека Колин бил освојувач на медали на најпрестижната велосипедска трка на Нов Зеланд „World Masters Games“. Видел дека Робин сака да ги следи програмите на Каналот на надежта и дека, откако таа ќе го видела на телевизија, го поздравувала со зборовите: „Го гледав мојот омилен пастор во текот на седмицата“.

Наскоро Колин и Робин почнале да се распрашуваат за Дописната библиска школа, а сега се подготвуваат за крштевање.

Вилијам (на сликата лево) со Колин и Робин цврсто верува дека Каналот на надежта отворил многу врати во Нов Зеланд, каде што општеството е  високо секуларно.

„На овој начинот Бог може да дејствува на луѓето кои имаат проблеми, но за кои не сакаат да им зборуваат на другите. Не сакаат да ги видат во црква. Сепак, преку Каналот на надежта, можат удобно да седат во своите домови и да ја слушаат Божјата порака“, вели Вилијам.

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота во второто тримесечје на 2016 год., кои помогнаа да се емитуваат програмите на каналот на надежта и да бидат достапни за сите жители на Нов Зеланд.

Ви благодариме што редовно ги давате своите прилози во саботношколските мисионски дарувања, кои помагаат радосната вест за Исусовото скоро доаѓање да се шири во целиот свет.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

**• Сликите во врска со оваа приказна можете да ги најдете на следниот линк: bit.ly/fb-mq.**

## БРЗИ ФАКТИ

**• Според Гинисовата книга на рекорди, местото со најдолго име во светот се наоѓа во Нов Зеланд. Ридот го носи името: *Taumatawhakatangihangakoau-auotamateapokaiwhenuakitanatahu* и се наоѓа во областа Хоукиз Беј.**

**• Во Нов Зеланд живее џиновска вета, најтешкиот инсект во светот. Потежок е од врапчето, а личи на џиновска лебарка.**

**• Во 1893 години, Нов Зеланд е првата земја која им овозможила на жените право да гласаат.**

**• Новозеланѓанецот сер Едмунд Хилари е првиот човек кој се искачил на Монт Еверест во 1953 година.**

**• 15% од населението на Нов Зеланд се Маори.**

**• Иако по големина е како Јапонија, Нов Зеланд има повеќе од 4 милиони жители, а тоа го прави една од најмалку населените држави.**

**• Името Маори за Нов Зеланд е „Аотеароа." Името значи „Земја на долгиот бел облак".**

**• Кеа е птица што живее во Нов Зеланд, а позната е по што ги повлекува бришачите на шофершајбните и ги јаде лентите од гумата од прозорците на автомобилите.**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

**• Новозеландската пацифичка унија на области се состои од 83 цркви, 26 групи и 13.167 верници. Во држава со 4.792.000 жители, има 1 верник на адвентистичката црква на секои 364 луѓе.**



# Од гангстер до Христов ученик

**Нов Зеланд / 7 септември**

**Џејсон Роџерс, 36**

Џејсон Роџерс повикал кон Бога, кого не го познавал кога имал 12 години: „Не знам како ни зошто, но бев сам таа ноќ, и во мракот плачев на мојата перница“, се сеќава тој.

Дванаесет-годишниот Џејсон, најмлад од девет деца, бил кај тетка си и тетинот во северниот дел на Нов Зеланд кога се молел Бог да интервенира во неговиот живот.

Неговите родители сметале дека е неконтролиран, незауздан и истеран од училиште. Иако бил само момче, влегувал во куќите на другите луѓе и крадел автомобили. На десет години го купил својот прв автомобил од својата прва плата што ја заработил на тој начин што му помагал на својот татко при градење. Автомобилот бил „една ’рѓосена кофа“, но тој го сакал само затоа што имал регистарски таблички.

Во текот на следните неколку години, ги ставал овие регистарски таблички на автомобилите што ги крадел, вкупно девет.

Џејсон не видел веднаш одговор на неговата ноќна молитва, а една година подоцна, неговите родители го зеле назад да живее со нив во најголемиот град во Нов Зеланд, во Оукленд.

Џејсон тонел сè подлабоко во криминал. Кога имал 15 години, ја украл неговата прва садница со марихуана, отишол од својот дом и започнал живот со неговата девојка Кристал, во домот на нејзините родители. Се придружи на некоја улична банда, одгледувал и продавал марихуана неколку години. Потоа станал зависник од метамфетамин, продавајќи дрога за да ја поддржи својата зависност во текот на следните 11 години.

„Бев длабоко вклучен во криминалот и подземјето. Бев познат по грабежи, киднапирања и изнуда на пари. Имав тројца „готвачи“ и четири дистрибутери кои работеа за мене.“

Носев големи суми со кеш пари. На секои два до три дена заработував 10.000 новозеландски долари (7.000 американски долари) од продажба на дрога.

Еден ден, некој човек по име Ендру му пришол, додека бил на еден јавен базен, и го поканил на бесплатни часови по кик-бокс. Џејсон веднаш ја прифатил оваа можност, со надеж дека на тој начин ќе го подобри својот пристап при заплашувањето на луѓето како и својата тактика во борбите на улица.

Тој се приклучил на друга група сомнителни лица кои вежбале во спортска сала во среда навечер.

Ендру водел едночасовна програма за вежбање, а потоа донел повеќе Библии и рекол: „Ајде сега да се собереме околу масата и да им поделиме на сите."

Џејсон бил шокиран и сакал да го напушти часот. Меѓутоа, од некоја причина, сепак останал.

Додека Ендрју зборувал околу 30 минути, Џејсон беснел во својот ум против Бога. Си размислувал: „Кој е Бог? Јас сум бог во мојот свет. Имам работници под мене, мои сопствени слуги, почитуван сум и ценет. Јас сум бог."

Се вратил во реалноста кога Андреј го завршил состанокот читајќи ги зборовите на Исус: „Не собирајте си богатства на земјата, каде што молецот и 'рѓата ги уништуват, и каде што крадци поткопуваат и крадат; туку собирајте си богатства во небото, каде што ни молец, ниту 'рѓа ги уништува, и каде што крадци не поткопуваат и крадат" (Матеј 6,19.20).

Џејсон бил збунет. *Како може да го подигне својот накит на небото надвор од дофатот на 'рѓата и слични крадци како него.*

Тој размислувал за ова цела седмица, и следната среда повторно дошол во вежбалната. По неколку седмици, Ендру го прашал дали би сакал да му помогне да го води часот. Џејсон бил изненаден и задоволен.

За да се квалификува како инструктор, тој се запишал на курс за прва помош, кој бил организиран во црквата на Ендру, адвентистичката локална црква Папатоето.

Џејсон доаѓал на саботните богослуженија со Кристал и нивните седум деца. Тој го прифатил Исуса во својот живот, и по 21 година заеднички живот, тогаш се венчал со Кристал. Црквата го прославувала своето најголемо семејно крштавање, кога истата сабота тој, не-

говата сопруга и пет од нивните деца одлучиле да се крстат. Двете помали деца во тој ден биле посветени на Бога.

Џејсон, кој сега има 36 години, вели дека неговиот живот се променил од корен во изминатите три години.

„Веќе не живееме опкружени со високи огради, со бејзбол палки, пиштоли и ножеви од Рамбо стилот. Сега живееме со бела дрвена ограда, а сопственик сум на свој рачен бизнис.“

Тој сè уште помага околу водењето часови во кик-бокс, од кој произлегле најмалку шест крштевања.

Солза се тркала од неговото лице кога размислува за своите родители. „Мојата загрижена мајка ми се јавуваше секој ден“, кажал тој за време на едно интервју во некој окландски ресторан.

„Таа е од прва рака сведок на грдата природа на она што јас некогаш бев. Сега не се слушам со неа, и мислам дека тоа е добра работа.“

Тој се надева дека ќе ги упати своите родители а и други луѓе кај Христа.

„Денеска сум спокоен и среќен, и не би го менувал тоа за ништо на светот. Сега јас сум Христов ученик и сакам да ја ширам Неговата реч колку што можам повеќе, и на кој било начин да го исполнувам она што Тој го бара од мене.“

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

- **Видете повеќе за Џејсон на линкот: bit.ly/Jayson-Rogers.**
- **Најдете слики поврзани со оваа приказна на следниот линк: bit.ly/fb-mq.**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

- **Уште од 1874 година, интересот за учењето на христијанската адвентистичка црква е разгорено во Нов Зеланд, преку публикации испратени до пријатели или роднини од САД.**
- **Во октомври 1885 година американскиот адвентистички пастор С.Н. Хаскел пристигнал во Окланд од Австралија и бил сместен во пансионот на Едвард Харе кој, заедно со неговата сопруга, станал првиот преобратен адвентист во Нов Зеланд. Во текот на следните четири седмици, мала група луѓе почнала да ја празнува саботата во Окленд.**



# Секогаш ќе одам напред

**Фиџи / 14 септември 2019**

**Џоели Рабо, 67**

Џоели Рабо, агент на компанија за осигурување во Фиџи, го гледал од својот болнички кревет лицето на неговата вознемирена тетка.

„Сине, ти мора да ја напуштиш црквата. Не ни го носи тоа во селото“, му рекла таа. „Тоа е проклетство за тебе, многу поголема несреќи ќе се случи ако ја внесеш таа нова вера во нашето село. Тие празнуваш друг ден. Тоа е погрешен ден. А сега трпиш последици од тоа.

Џо погледнал кон своите дланки обвиткани со завој. И двете раце му биле скршени во сообраќајна несреќа. Двајца од неговите внуци загинале.

Кога Џоел се кристил пред извесно време, копнеел ја шири својата вера со своите сонародници во неговото родно село. Меѓутоа, не бил добро прифатен меѓу локалното население, од кои повеќето биле негови роднини, а припаѓале на друга христијанска деноминација.

Сепак, Џо има организирал евангелски состаноци и десет лица биле крстени. Тој потоа обезбедил и парче земја за тука да се изгради црква. Се договорил со верниците на црквата за денот кога ќе му се придружат во расчистување на земјиштето за изградба на црквата.

Еден ден пред договорената работа, Џоели станал рано за да го однесе на аеродромот во Нади неговиот 27-годишен внук. Во неговиот автомобил Субару седан биле и мајката на внукот, двајцата негови помлади браќа, и тринаесет годишниот син на Џоели.

Околу 4 часот наутро, Џоели заспал на воланот и автомобил излетал од патот. Дваесет и седум годишниот внук и неговиот шеснаесет годишен брат настрадале на лице место. Нивната мајка и другиот брат, биле примени во болница со сериозни повреди. Рацете на Џоел биле скршени. Неговиот син некако поминал без повреди.

Тетката на Џоели дошла во болница за да му зборува за неговите планови околу изградбата на Адвентистичката црква во нивното место.

„Тетко, имаш само уште еден син. Ако умрам во овој болнички кревет за твојот син да стане адвентист еден ден, јас би му бил благодарен на Бога за можноста да го дадам мојот живот за животот на твојот син", ѝ рекол тој.

Тетката се свртела. Очите ѝ се насолзиле. Иако Џоел зборувал самоуверено, тој не бил сигурен околу градењето на црквата. Се молел во текот на своето едномесечно лекување болницата: „Најмил Господе, јас не знам дали ја творам Твојата волја."

Меѓутоа, кога ја напуштил болницата, не се сомневал дека црквата треба да биде изградена.

Можел да каже заедно со Елена Вајт: „Страдањето е дел од Божјиот народ уште од времето на маченикот Авел. Патријарсите страдале бидејќи му биле верни на Бога и послушни на Неговите заповеди. Големиот Првосвештеник на Црквата трпел заради наше добро; Неговите први апостоли и првобитната црква страдале, милиони маченици настрадале, реформаторите исто така страдале. И зошто ние, кои ја имаме блажената надеж во бесмртноста и скорото Христово доаѓање, да бидеме лишени од живот полн со страдање?" („Сведоштва за Црквата", Vol. 1, стр 78).

Џоели сфатил дека страдањето може да се случи и додека се шири Евангелието, бидејќи ѓаволот е лут. Црквата била отворена по еден месец.

Џоели бил среќен што неговото село добило црквата, но тој копнеел да биде основана уште една црква, овојпат во едно друго село наречено Киува. Но, тој не сакал никому да му се случи трагедија. Затоа тој со останатите верници на црквата одлучил да се моли и да пости два пати седмично, додека оделе од врата до врата во посета на селото.

„Господи, имав лошо искуство во моето село", се молел секој ден. „Сега Евангелието го носам во друго село. Те молам, немој да дозволиш да имаме некое лошо искуство како минатиот пат. Те молам, води ме во сето ова што го правам, и не дозволувај да доживееме слично искуство на претходното."

На негово изненадување, еден локален жител ги засакал адвентистите и го повикал Џоели да го одржи саботното богослужение во неговиот дом. Тој подоцна донирал парче земја за изградба на адвентистичка црква.

Џоели верува дека молитвата и постот помогнале едноставно да се изгради црква.

Потоа, тој отишол и во трето село, Бурет. Повторно, заедно со верниците на црквата се молеле и постеле. На негова радост, селскиот главатар и неговото семејство биле крстени.

Меѓутоа, повторно дошла несреќа уште пред Џоели да може да ја изгради црквата. Главатарот на селото починал од дијабетес. Селаните се плашеле дека тој бил казнет поради тоа што станал адвентист.

Џоели вели дека ѓаволот ја искористил смртта на главатарот за да го нападне и попречи адвентното дело. Тој смета дека црковната зграда треба да се изгради и се радува што даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе се употребат за спречување на смрт од дијабетес, со финансирање на проектот наречен „Да сочуваме 10.000 палци."

Џоели е убеден дека Бог ќе најде решение за сите проблеми со кои се соочуваат браќата и сестрите во оваа земја. Се сеќава што се случило откако тој ѝ кажал на својата тетка дека е подготвен да умре за нејзиниот единствен преостанат син. Подоцна, нејзиниот син и четири од неговите деца се крстиле и станале адвентисти.

„Кога ја посетив тетка ми, пред да умре, таа ми се заблагодари што сведочев на нејзиниот син. Бог ја има сета контрола", кажува тој.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

**• Види видео клип со Џоели на линкот: bit.ly/Joeli-Rabo.**

**• Слики поврзани со оваа приказна може да се најдат на следниот линк: bit.ly/fb-mq.**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

**• Фиџи има 166 цркви, 101 група од верници и 26.487 верници. Во државата има 878.000 жители, а тоа значи дека секој 33 човек е адвентист.**

**• Постојат две адвентистички училишта во Фиџи, адвентистичкото основно училиште Навесау и адвентистичкиот колеџ Сува.**



# Обратување при еден погреб

**Фиџи / 21 септември 2019**

**Коситела Тито, 33**

Никој не сакал да му помогне на Тито, кога неговиот татко починал. „Не можете да го закопате на црковен начин“, рекол некој човек.

„Само закопајте го“, рекол друг.

Луѓето во едно зафрлено село на Фиџи, Накавика, му го свртеле грбот на татко му на Тито, бидејќи тој станал адвентистит. Другите селани, вклучувајќи  го и Тито, припаѓале на друга христијанска деноминација.

Тито сакал неговиот татко да има соодветен погреб, па го повикал селскиот главатар, кој воедно бил и негов роднина. Главатарот дозволил да има погреб, но под услов Тито да изгради адвентистичка црква за погребот.

Тито изградил мала дрвена барака, и тој и другите роднини се собрале во неа. Адвентистичкиот свештеник одржал богослужение на кое зборувал за состојбата на мртвите.

Тито слушал и не можел да поверува. Отсекогаш мислел дека, кога ќе умрат, луѓето одат директно на небо. Меѓутоа, пасторот ја опишал смртта како сон, нагласувајќи дека и самиот Исус смртта ја нарекувал сон во искуството за Лазар во Евангелието според Јован 11 глава.

Сестрата на Тито му подала Библијата за да ги чита стиховите додека свештеникот зборувал. Тито ги читал зборовите запишани во Библијата и согледал дека одговараат на она што го кажувал проповедникот.

Пасторот тогаш го прочитал стихот од посланието до Солуњаните: „ бидејќи Сам Господ по заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите“ (1 Солуњаните 4,16).

Тито повторно погледнал назад во Библијата и видел дека текстот одговара на она што го кажува свештеникот. Тој никогаш порано не ја читал Библијата за време на богослуженијата во неговата црква.

Кога ожалостените се собраале по погребот на заеднички оброк, зел за рака еден од адвентистите, велејќи му: „Ве молам, дојдете кај мене дома, зашто сакам да дознаам повеќе детали за тоа што се случува кога луѓето ќе умрат“, рекол тој.

Верникот на црквата го придружувал до неговиот дом, дошол кај него и одржал библиска лекција за состојбата на мртвите. Тито сакал да знае повеќе, и го поканил човекот повторно да дојде кај нив и да му одржи некоја друга лекција од Библијата.

Меѓутоа, жената на Тито, Вика, не сакала да учествува на библиските часови. Таа се затворала со нивните две деца во друга соба, кога верникот од црквата би дошол да одржи библиски час.

По два месеца, Тито дошол до лекцијата за крштавање, а потоа рекол дека сака да се крсти.

Вика плачела кога дознала за неговата одлука.

„Те одбрав тоа затоа што имавме исти верувања“, му рекла таа.“ Ако е ова сега твоја црква, тогаш е подобро да се разделиме. Имаме две деца, ти земи го едното, а јас ќе го земам другото.“

Тито бил тажен, но не се поколебал.

„Вика, од сега па натаму, Бог ќе биде на прво место во мојот живот, и ти на второ. Но, јас ти ветувам една работа, ако мојата љубов кон тебе порано беше 50%, сега ќе биде 100%.“

По крштавањето, Тито ѝ рекол на Вика дека нема да ја спречува да оди во нејзината црква во недела, но тој барал повеќе да не готви ниту да пере во сабота. На крајот ѝ рекол дека во сите работи ќе ѝ помага во недела.

По еден месец од крштавањето, Вика забележала дека нејзиниот сопруг навистина веќе не бил оној стар човек за кого таа се омажила. Кога би му завршило работното време како учител во училиштето, повеќе не одел да пие со пријателите. Не ги собирал пријателите во својот дом на разговори обвиени со чад од цигари и пцовки. Наместо тоа, тој доаѓал директно дома и поминувал време со неа и со децата. Повеќе не пиел, не пушел ниту пцуел.

Еден ден, таа му се обратила, „Тито, навистина гледам некои некои промени во твојот живот. Ти веќе не си оној стариот што го знам. Претходно се каравме и се расправавме, но сега веќе не. Имавме мно-

гу разлики, но сега повеќе не. Сега поминуваме многу време заедно со нашето семејство. Те молам, сакам и јас да ја дознаам таа вистина што ја учеше ти.“

Тито се молел за Вика, и сега нејзините зборови го израдувале неговото срце. Почнале да се молат заедно, а тој организирал проучување на Библијата. Наскоро, и таа се крстила.

Денес Тито има 33 години, поучува во саботната школа, а работи како учител во училиштето во нивното место. Вика им предава на првачињата. Тито им држи библиски лекции на своите соселани, а двајца веќе се крстиле.

Во училиштето се соочил со проблем поради својата вера. Еден ден, кога дошол на работа, забележал дека некој уринирал на неговата маса. Друг ден, некој напишал графити со вулгарни работи за него на школскиот ѕид.

Директорот на училиштето морал да повика полиција кога некој пијан селанец му се заканил со нож. Но, без оглед на сето тоа, Тито е решен да го шири евангелието. Тој постојано се моли: „Боже, јас со цело срце сакам да ја ширам твојата вистина на луѓето во оваа заедница. Те молам, употреби ме во овие последни денови.“

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

- **Иако името на Тито е Коситело, сите го викаат Тито.**
- **Види за Тито на следниов линк: bit.ly/Kositela-Tito.**
- **Слики за оваа приказна може да се најдат на следниот линк: bit.ly/fb-mq.**

## МИСИОНСКИ ИНФОРМАЦИИ

**Првото нешто што треба да научите на јазикот Фиџи е „судрат“, што значи „здраво“. Тоа нешто ќе го слушнете насекаде, иако повеќето луѓе во Фиџи подеднакво зборуваат и англиски.**

- **Многу жители на островот ги подигаат веѓите како невербален начин да кажат „да“.**
- **Меке е фестивал на Фиџи, културна прослава преку традиционален начин на презентирање на приказни преку игра.**

# Програма на 13-тата сабота
# 28 септември 2019

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Богатство не сакам“, песна од песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 306 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Без нозе, но со нов живот“ |
| **Дар** | Замолете ги децата, додека се приложува дарот, да ја пеат песната „Исус ме сака“ на кинески јазик (види страница 34 од списанието Детска мисија, или преземете од линкот bit.ly/childrensmission) |
| **Завршна песна** | „Земја на радост нѐ чека нас“, од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 30 |
| **Завршна молитва** | |

***Забелешка:*** *Учесниците не мора напамет да ги учат своите делови за да ги изнесат вестите, туку да бидат доволно запознати со материјалот, за да не мора да читаат сѐ од текстот. Извежбајте ја целокупната програма за учесниците да можат да се чувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.*



# Без нозе, но со нов живот

**28 септември 2019**

**Лепани Курудуадуа, 60**

Лепани Курудуадуа чувствувал како неговиот живот повеќе да не вреди ништо.

Пензионираниот учител случајно ја пресекол својата лева нога додека ја поправал црквата во селото Накарани на Фиџи. Раната не се зацелила, но бидејќи Лепани имал дијабетес, станувало сè полошо. На крајот, лекарот рекол дека ногата мора да биде ампутирана.

По операцијата, Лепани со месеци лежел в кревет, размислувајќи што му останало од неговиот живот.

Било особено тажен што во црква одел веќе 17 години, но никогаш не ги користел своите две нозе да доведе некоја душа кај Христа. А сега, сега тој имал само една нога.

Десет месеци по ампутацијата, Лепани добил вештачка нога и повторно учел да оди. Ден по ден, размислувал тој, „морам нешто да направам за Бога, иако имам само една нога.“

Како што се молел, помислил на селото во кое неговата црква сакала да организира евангелски предавања. Тој се сетил дека во ова село живее едно адвентистичко семејство. Затоа одлучил да побара од семејството да му помогне при организирањето на евангелските состаноци.

Зел такси и отишол во селото, и на вратата го пречекала Ана, ќерката. Дознал дека нејзините родители, за кои тој се надевал дека ќе му помогнат околу евангелските предавања, отишле на друг крај од островот, во местото Нади.

„Како сега го прославуваш Бога?“ ја прашал Ана.

Младата девојка одговори дека сега понекогаш го прославува Бога со Нико, сосед кој не припаѓал на ниту една црква.

„Да се помолиме кратко,“ ѝ предложил Лепан. „Сакам да го посетиме домот на Нико.“

Додека Лепани и Ана се приближувале кон домот на Нико, вратата нагло се отворила, и оттаму истрчал човекот гласно велејќи: „Вие сте посетителот што го очекував!“

Нико ги поканил посетителите внатре и им раскажал неверојатна приказна. Им рекол дека упорно и постојано се молел некој да му зборува за Исус. Му ветил на Бога дека ќе оди во црквата на првиот човек што ќе дојде во неговиот дом.

Тоа утро, додека собирал огревно дрво, имал силно чувство дека долгоочекуваниот посетител ќе се појави.

Затоа побрзал да се врати дома, но таму никого не нашол.

Се истуширал и, токму кога излегувал од бањата, го слушнал гласот на Лепени надвор од домот.

„Сакам да дојдам во вашата црква“, му рекол Нико. „Следната сабота, ќе дојдам во вашата црква со мојата сопруга и трите ќерки.“

Лепани се молел со него, и го изразил своето задоволство поради одлуката да дојде во црква. Меѓутоа, рекол тој, „следната сабота, ќе дојдам кај вас, и ќе отвориме црква во вашата куќа.“

Во следните неколку месеци, Лепани го прославувал Бога секоја сабота во домот на Нико. Им се приклучиле и други мештани. По евангелските предавања што ги организирал Лепани, шеснаесет луѓе биле крстени, вклучувајќи ја и сопруга на Нико и две од трите нивни ќерки.

Како што заедницата растела, црквата се преселила од нивниот дом во нова црковна зграда.

Лепани, кој сега е на возраст од 60 години, се надева дека ќе основа црква и во трето село следната година.

Тој смета дека губењето на ногата го променила неговиот живот. „Она што не можев да го правам со две нозе, сега можам само со една“.

„Бог ми помогна да сфатам што треба да правам.“

Дел од денешните дарови на 13-тата сабота ќе бидат употребени за поддршка на проектот „Да сочуваме 10.000 палци“, програма која на Фиџи и во уште шест други држави ќе служи за превенција на дијабетесот и ќе им помага на луѓето коишто имаат дијабетес.

Ви благодариме што ќе ја споделите со нас оваа потреба и ќе ни помогнете со вашите обилни дарови да се шири Божјето дело.

## ВО ВРСКА СО ИСКУСТВОТО

- **Види видео клип за Лепани на линкот: bit.ly/Lepani-K.**

- **Слики поврзани со оваа приказна може да се најдат на следниот линк: bit.ly/fb-mq.**

Лепани Корудуадуа, 60, на сликата лево разговара со својот пријател Сенитики Рокара, 55 во христијанската адвентистичка црква во селото Накарани на Фици. Прочитајте за Сенетики, кој исто така има само една нога, во мисионското списание за деца или на линкот:bit.ly/one-leg-fiji.



Лепани стои пред адвентистичка црква Накарани во селото Накарани на Фици. Тој ја повредил својата нога-та додека ја поправал црквата, што довело до тоа да мора да се ампутира. Сега, иако со една нога, тој основал нова црква во соседното село, а наскоро планира да отвори уште една црква



(Следи приложување на даровите во придружба на инструментална музика)

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проектита кои ќе бидат во фокусот следното тримесечје ни доаѓаат од Источноцентралната африканска дивизија на Генералната конференција на христијанската адвентистичка црква:

- Изградба на училници на адвентистичкиот универзитет Гома во Демократска Република Конго.

- Изградба на три аудиториуми на Универзитетот Филип Лемон во Демократска Република Конго.

- Проширување на здравствените услуги во адвентистичката клиника Киншаса во Конго.

- Отворање на мисионски центар во градот Вау во Јужен Судан.

- Отворање на средно адвентистичко училиште во градот Јуба Џуба во Јужен Судан.

- Изградба на адвентистичка болница во Кисуму, во Кенија.

- Изградба на четири училници за детската саботна школа во Етиопија.

## Мисионски зрак на светлина

Излегува од печат секое тримесечје со мисионски искуства организирани од адвентистичката мисија. Ова ДВД ги содржи сите мисионерски приказни кои доаѓаат од целиот свет, вклучувајќи ги и мисионските проекти на 13-тата сабота, за која се собираат дарови.

*Мисионскиот зрак на светлина е добар за:*

Саботната школа
Детски приказни
Подготовка пред почетокот на богослужбата
Школските и семјните богослуженија
Извидниците
Молитвените состаноци
DVD е потполно бесплатно.

Преземете ги нашите приказни од интернет на www.missionspotlight.org

**Порака од издавачот:** Ако членовите на саботната школа некогаш ве прашале каде одат нивните седмични мисионски дарувања, можеби следнава статија ќе биде корисна за нив.

# Каде одат моите мисионски дарови?

Вие знаете кои држави и проекти ќе добијат дел од даровите на тринаесеттата сабота. Меѓутоа, што се случува со редовните мисионски дарови што ги приложувате секоја седмица? За што ќе бидат употребени?

Можеби ќе се изненадите од фактот дека седмичните мисионски дарови им помагаат на повеќе од 1,000 мисионери насекаде во светот. Всушност, 70% од седмичните мисионски дарови им помагаат на мисионерите и на работата на нашата црква во светски рамки. Издвојувањата од Генералната конференција наменети за државите на Блискиот исток, Северната африканска унија и на Израелското мисионско поле, помагаат да се воспостават и да се одржуваат мисионските активности на овие територии. Остатокот од парите ја помагаат работата на различни институции и агенции кои служат на црквата во целиот свет. На пример, го помагаат мисионското медицинско дело на универзитетот во Лома Линда, даваат поддршка да се шири евангелието преку програмите на адвентистичкото светско радио и на хуманитарните активности на АДРА.

Во изминатите години милиони луѓе од областите на светот кои се соочуваат со предизвици, го запознале спасението во Исуса и дошле во Христијанската адвентистичка црква. Во овие области се основани илјадници нови цркви. Меѓутоа, откако биле крстени, дали овие верници биле и како биле негувани? Дали имаат пристап до материјалите и програмите кои можат да помогнат да ја зајакнат својата нова вера и да им помогнат да растат во своето ученилштво? Дали во тие нови цркви има доволно пастори?

Вашите мисионски дарувања го поддржуваат растот и напредокот на делото во целиот свет.

Ако сакате да добиете дополнителни информации за адвентистичката мисија во светот, одете на AdventistMission.org.

Ви благодарам уште еднаш за молитвите и за финансиската поддршка околу проектите на адвентистичката мисија. Вие сте тие кои придонесувате и правите разлика во животот на милиони души насекаде во светот.

**Гери Крауз**

# Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Австралија, Фици, Нова Каледонија, Нов Зеланд, Папуа Нова Гвинеја, Соломонските Острови (JPD), обратете се до својата локална библиотека, туристичка агенција или амбасада на посакуваната земја. Внесете го името на земјата во вашиот интернет пребарувач.

Следните вебсајтови можат да ви бидат од полза:

Австралија: government website australia.gov.au
Information Planet bit.ly/InfoPlanAust
Фици: government website fiji.gov.fj
Nations Online bit.ly/NatOnFiji
New Caledonia: government website gouv.nc
CIA World Factbook bit.ly/CIANewCal
Нов Зеланд: government website govt.nz
New Zealand Tourism bit.ly/AboutNZ
Папуа Нова Гвинеја: government website bit.ly/GovPNG
Lonely Planet bit.ly/LonelyPNG
Соломоски Острови: government website bit.ly/SIGov
World Travel Guide bit.ly/WTGSolIsl

Seventh-day Adventist
South Pacific Division spd.adventist.org
Australian Union Conference adventist.org.au
New Zealand Pacific Union Conference bit.ly/NZPUnionC
Papua New Guinea Union Mission adventist.org.pg
Trans Pacific Union Mission bit.ly/TPUMSDA
www.AdventistMission.org/dvd.

## Средство за остварување на целта

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

Адвентистичкото мисионско ДВД е бесплатен прилог на списанието во кој можат да се видат искуствата од земјите за кои зборувавме, како и за Мисијата на адвентистичката црква во светот. Замоли го водачот на саботната школа да ти направи една копија од ДВД-то или оди на www.AdventistMission.org

www.AdventistMission.org/dvd.

Мисионското списание и на социјалната мрежа фејсбук

Читајте, коментирајте, споделувајте, и ставете ми се допаѓа на искуствата и сториите на нашите браќа и сестри:

на www.facebook.com/mission-quarterlies.

**Градиво за саботна школа**
**3/2019**

**ВЕСТИ ОД СВЕТОТ**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**